

Ансамблот „Танец“ под мотото „Остани во чекор – со минатото, сегашноста и иднината“.на 4-ти јули 2019 од 20.00 часот ќе настапи на сцената на Центарот за култура „Марко Цепенков“ во Прилеп.

Настапот е дел од серијата концерти во рамките на чествувањето на 70 - от јубилеј на ансамблот, кој деновиве со спектакуларен концерт ја прослави годишнината од формирањето.

„Танец“ е формиран со основна цел да го собира, негува и уметнички да го надградува македонското фолклорно богатство и да го претставува во земјата и надвор од нејзините граници.